# ЧИВИЛУК

Независно алтернативно арт списание за урбани мисли



Бр. 36

Септември 2012

# ЧИВИЛУК 36


ХАИКУ . . . . . . . ......... 2
БОШ КОЛАЖ 4 . . . . . . ......... 4
ГЕВГЕЛЕКСИКОН . . . . ....... 12
ЗВУЧНА КАРТИЧКА . . . .... 16
СТРИП . . . . . . . . . . ......... 19
РАСКАЗ . . . . . . . . . .......... 20
ДЕШАФКИ . . . . . . . . . ........... 24
26
СТИХОВИ . . . . . . . . ...... 27


АРТ ЕКВИЛИБРИУМ


© 2012



arteq09@gmail.com



Редакција: Калински, Ацамија, Лола Бај, МалоОка
Насловна: Emily Bates, “may I take your coat”
Фотографии: Roi Vaara “artist’s dillema”, Jennifer Griffo




Фото: Jennifer Griffo - „come-come“



БОШ 4
МУЛТИМЕДИЈАЛЕН АРТ ФЕСТИВАЛ
24-26 АВГУСТ 2012, ГЕВГЕЛИЈА
WWW.BOSHFEST.COM
ОРГАНИЗАТОР
СПОНЗОРИ И ДОНАТОРИ
ПАРТНЕРИ
ДОМ НА КУЛТУРА
МЕДИУМСКИ ПОКРОВИТЕЛИ
polyesterday
СПОНА
103

И бидна 'БОШ'... Каков-таков, по четврти пат, ги издржа сите непринципиелности, притисоци и ниски удари на катадневната безидејност, сервилност и политикантство во однос на културата и нејзиниот стратешки менаџмент.

'БОШ' во повеќе наврати покажа и докажа дека работите може да функционираат и поинаку, и подобро. Или со други зборови, запирката е секогаш добредојдена... Оттука, 'БОШ' продолжува да биде демократски ориентирана ПЛАТФОРМА за создавање, унапредување и размена на креативните енергии во урбан контекст. Ништо повеќе и ништо помалку! При тоа, одново и одново, дефинирајќи и редефинирајќи ги вредностите и просторот на нашата современост и опкружување.

И сето тоа низ добра забава и дружење, кадешто генерално кажано, не се толку важни епитетите на псевдо-големината, ами храброста. Онаа иста врлина и доблест, која ве тера да се соочите со недостатоците, и која патем, е и еден од основните предуслови да се достигне суштинската 'големина' на културата и уметноста...

И не дека сме ја 'откриле Америка', напротив! Фалинки секогаш ќе има, посебно кога се обидувате на неколку локации, да истерате триесетина бесплатни настани за неполни три дена, со екстермно ограничен и неизвесен буџет, кога на врат имате еден куп ега и суети, како и обиди за наметнување на разноразни калкулаторики...

Затоа, во свое, и во име на АРТ ЕКВИЛИБРИУМ, најдлабоко се извинувам доколку несвесно и ненамерно сме направиле некакви пропусти или пак со своите дејанија, сме делувале навредливо кон некого/нешто. За сè друго што сме кажале или направиле, остануваме цврсто на земја... А тоа, во најмала рака е преточено преку заложбата секогаш одново да се понуди, барем за нијанса поквалитетен 'БОШ' од претходниот. И сето тоа, онака целосно волонтерски, во најсуштинска смисла на зборот...

И на крај, уште еднаш би сакал да ви се заблагодарам на сите вас кои бевте и сте дел од 'БОШ'. Благодарност и до овогодинешните спонзори и донатори, официјалниот партнер, Дом на култура 'Македонија' - Гевгелија, како и до бројните волонтери, а посебно *Јован Узунов*, *Стефан Алиевиќ*, *Викторија Атанасовска* и *Благица Картова*. Респект-пљуска и за *Варела и Сиџо*.

*Калински*

Организациски тим БОШ 4: *Ѓорѓи Калински, Стефчо Стефанов, Марија Стојанова, Дамјан Ѓуров, Јордан Дуков, Ице Капсаров, Оливера Томиќ, Душко Апостолов, Миле Ничевски.*

Фотографии: *Димитар Апостолов, Ана Лазаревска, Димитар Миов, Маја Кировска, Flat 5.*

За повеќе инфо: www.boshfest.com


FOTOKOPI
















EXPANDING
PERSPECTIVE


ONE IS ALL IS ONE IS ALL IS








МУЛТИМЕДИЈАЛЕН
АРТ ФЕСТИВАЛ
WWW.BOSHFEST.COM














ЈАДР
Асоцијација






feelingblue


nothing can replace watching
movie in the gloomy cinema.






ФЕСТИВАЛ










THE
EASTSIDE






WWW.BØSHFEST.COM






МУЛТИМЕДИЈАЛЕН
ФЕСТИВАЛ

# Гевгелексикон

**УМЈАСЕ** - Наликува на; Личи; Има сличности или заеднички белези (карактеристики). **К'Т** - Огниште; Отворено место во дворот каде што се пали оган (за печење пиперки, пинџур, слатко, вриење алишта. **К'ТИЉ** - Лош човек; Незгоден карактер. **АРМАС** - Веридба. **МУТВАК** - Надворешна, дворна кујна; Шупа.




**Н' ДВА АК'ЛА** - Двоумење **З'УМАН** - Замислен; Потонат во мисли. **ШАД'РВАНКА** - Решетка за градинарска канта за наводнување (наликува на туш); Шад'рван - фонтана. **КУЧАН** - средишен (тврд) дел од зелката. **К'Л'Б'Л'К** - Гужва; Многу луѓе на едно место. **АЧИК** - Место на отворено; Отворено, незаштитено место или простор.

Ацамија

Jennifer Griffo - “faucet”





Jennifer Griffo - "growth-spurt"



## Симон Киселички:

# Дали верувам во комплетна

**Како уметник, кога кажувам уметник мислам на творец кој своите емоции искрено ги пренесува, во овој случај преку музика, како успеваш да се справиш со секојдневните пречки во оваа земја во која уметноста не се вреднува?**



Па, факт е дека вистинската уметност што не познава граници и предрасуди од типот, дали ќе им се допадне на другите, како ќе бидам сфатен, за која публика го правам ова и многу други непотребни вируси што ги зафаќаат полуаматерите, постојат и ако не си достоен и професионален во својата цел, тие можат многу лесно да влијаат на твојата самодоверба и креативност. Но денес треба да вложиш труд во изолација наместо тој истиот во креација. Апсурд, јас лично ете не пратам многу што се случува по телевизииве, оти мислам, повеќето од нив дека експонираат антикритериум во музичкиот свет.

Така да на некој начин, со тоа се заштитувам и истрајувам во сопствената идеа. А ќе избегнам да го коментирам подлабоко финансискиот проблем на еден човек, кој живее денес да биде и стане уметник. Но ете, само го напоменувам тој проблем со скоро 100%-на свесност за лажната надеж за тоа дека ќе се поправи во блиска иднина финансиската состојба на еден арт перформер.

**Каков е твојот став за уметниците, којшто се принудени да работат и друга професија за да преживеат, на пример сметководител, банкар,, мислиш ли дека тоа попречува во творештвото и формирањето на нивниот израз?**

Како прво, мислам дека многу се ретки вистинските уметници што работат + друга работа за пари, поготово како што спомна поштар, банкар или т.н. Точно, има луѓе кои што работат и друга работа и ги познавам лично. Од нив еден или двајца се спремни да жртвуваат удобен живот наспроти уметноста. Ако тој тргнал да работи во банка а свири на пример гитара, значи поважни му се парите. Додека кај вистинскиот art player мислам дека не постои нагон, поголем од самиот инструмент, за да може да си дозволи тој истиот да му штети на неговата креативност.Со чест на исклучоци, пак ќе напоменам, ги има и ги познавам, но тие тоа го прават долго и тоа им е како нешто вродено, па не им смета толку за да неможат да го остварат тоа што си го замислиле.

# арт револуција наскоро? НЕ!!

**Како човек кој има фамилија, принуден си, верувам, да прифаќаш да свириш и тезги. Не дека имам нешто против тезгарските бендови. Но многу ме нервира фактот дека ги свират истите песни со години. не се ни обидуваат да го збогатат репертоарот. Можеби и тоа е причината што нивните настани се помалку посетени?**

Па најверојатно си во право. Има и такви и онакви што повежбуваат. Има секакви, а што се однесува до тезгата, без разлика на тоа дали сум фамилјарен или не, кај мене исто се одразува тоа кога нешто осеќам дека морам. Ете на пример, ако осетам дека не ми се свири и ми е досадно, немам во тој простор инспирација и атмосфера, јас само заради хонорарот нема да продолжам да свирам па дури и нема да ја завршам ни свирката хаха :). Кога настапувам значи, без разлика дали се работи за концерт или тезга, тоа за мене во пристапот ништо не менува. Сакам да го отсвирам и тој и таа и да ми е мене интересно. Оти ако е така, уживам. А она што го спомна, дека се повеќе настани се се помалку посетени, тоа е одраз на она што јас го викам стандард тезга. Што значи од а до ш се е исто ко на cd-то. Можеби ќе се размрда малце кога бендовите што свират по кафичи ќе почнат да изведуваат и свои авторски проекти и да не се срамат од тоа.





**Колку ти како искусен музичар си отворен за соработка со помлади музичари, уметници од секаков профил? веруваш ли дека тоа е возбудлив спој на енергиите?**

Јас имам настапувано со помлади музичари од мене, имам и со постари, имам и со тие што знаеле многу повеќе од мене музика а имам соработувано и со луѓе кои што малтене сум ги учел додека сме работеле. И во пола од случаевите тоа било успешно, така да верувам во тоа дека постои нешто што ја прави повозбудлива соработката кога музичарите се од различен профил (стил) и исто така кога има разлика во генерации. Едноставно, фјузнот е поразличен.

**Како ја пренесуваш пораката? На луѓе на кои твојата музика им е непозната. Нели ако не се запознаени со тоа што го работиш, имаат стартна одбивност. Како им го доближуваш делото?**

Не секогаш и не сите луѓе, имаат предрасуди или како што велиш ако не го знаат или не се запознаени со проектот што е нов, би имале стартна одбивност. Некој од нив, што ги знаат претходните мои проекти очекуваат да слушнат нешто слично на тоа што веќе го чуле. Други пак, што мене лично, повеќе ми се допаѓѓа таквиот став, се отворени и за тоа да слушнат скроз поразлично нешто. Како и да е, ако треба воопшто да им го доближам делото, тоа ќе го направам само со природниот пристап спрема инструментот и музиката што ја изведувам, макар јас лично мислам оти не е убаво да однапред по секоја цена им го доближуваш тоа што го правиш, затоа што така понекогаш искача дека авторот ја наметнува прикаската и нејзината тајна, и на крајот на краиштата тој треба да остави самата публика да го исперцепира моментот како таа љуби да го види. И тоа треба да е предизвик за еден автор.

**Работиш на нов проект?**

Да, работам на нов проект и се плашам дека не само на еден туку на повеќе во исто време. Тоа што најмалку сум го почитувал и практикувал, бидејќи мислам, кога ја фокусираш енергијата на една приказна, тоа е најдобро. Значи, работам и кога ќе дојде вистинското време ќе ги кажам и насловите, а ќе почнат и промоциите.

**Веруваш ли дека во македонија конечно ќе се случи револуција? Излегување од рамките? Создавање на возбудлива уметност?**

Има и денеска автори што прават вистинска уметност. Има и автори кои и денеска и во минатото искачале од рамките. Дали верувам во комплетна арт револуција наскоро? НЕ!

**ХЕ МЕЈА**


Карма: Венера и Марс
цртеж: сценарио и дизајн:
Елиза Де Соуза & Александар Стеванов
базирано на персиска поговорка
Га прокоцнував судбината
Затоа што немам раце
Сè додека не видов там
Кој немаше...
Крај



# Новиот ШЕРИФ у градот

Еден ден во Градот Скопје се појави нов шериф.
Не дојава на коњ како што се случува тоа по филмовите.
Тој всушност со години имаше живеено во Градот. Едноставно,
еден ден стана од спиење и се самопрогласи за шериф. Се стокми,
се облече, го стави шеширот на глава и ги облече новите чизми со мамузи.
Не јавна на коњ. Немаше коњ.
Така шерифот излезе и се упати кон Трендерскиот Салун.
Влегувајќи низ вратата, со очите го прочешла салунот. Све некои сомњиви фаци. На шерифот му стана јасно дека влегол во опасно дувло, легло на античовечки елементи.
Вообичаено, сумњивите салуни се дупки каде се точи контрабанден алкохол, каде се игра покер со 9 аса, каде прст пред око не се гледа од тутунски чад, каде едно раштимано пијано со прастар свирач климка во позадината, каде дебелките проститутки ги тресат своите задници опточени со чипка пред очите на поднапиените каубојци, ова не беше вакво место. Овој салун всушност беше дувло на кичот и асексуалноста.
Наместо контрабанден алкохол, се точеше некое смешно пивце со лимон. Не се играше покер, впрочем ништо не се играше, туку се вртеа бош муабети. Никој не пушеше, а неколцина пушачи дремеа пред вратата (каде немаше поило за жедните коњи) и нервозно влечеа од цигарчињата. Немаше дури ни пијано нити прастар пијанист. Имаше некои чудни звуци кои некогаш, некаде, некој веројатно глув човек ги нарекол музика.
Најпосле, немаше ни проститутки. Наместо нив, испечени, портокалови суштества кои се обидуваа да изгледаат женствено затворени во своите претесни и прескапи крпчиња. Од нив се ширеше реа на хемикалии. Секс сурогат во конзерва.
Ебати салунот." помисли шерифот. Тој беше навистина добар познавач на забавата, и како таков, беше речиси навреден од дупката во која влезе.
Се прошета до шанкот, каде се смести на едно од столчињата. Го поткрена шеширот, и почека шанкерот да го погледне во очи. Се изначека. Ептен некултурно ќе беше да се трупне со нарачка без прво да воспостави контакт. Шанкерот, од друга страна, беше презафатен со зјапање во непристојни слики на компјутерот.
"Конечно, шанкерот го подигна погледот. Шерифот го прочисти грлото и рече:
"Дај виски. "

Шанкерот промрморе нешто и се врати на своите непристојни слики.
Дај виски коа ти се вика бе!?" за'ржа шерифот, видно изнервиран.
Шанкерот како да се подуплаши и - наточи бурбон во чашка за виски.
Шерифот ја погледна чашката. Кафеавкастата течност можеби би излажала некој друг, но шерифот беше искусен пијач.
Ја тресна чашката од шанкот.
"Ова е бурбон, мали."
"Е сеа па, многу сакаш. Не е ова Америка."
Шерифот беше навистина изнервиран, но се реши сепак да не се расправа. Сепак нема нити време, нити живци за некој доколенко кој е ставен на шанк, а не знае што работи. Па во вакви дупка сигурно само пиво нарачуваат.
Ја погледна уште еднаш чашката, плукна настрана и ја поттурна кон шанкерот. Од торбата извади тутун и ризла. Зема да витка цигара.
Иако ја свитка скоро за минутка, на шерифот му се чинеше дека со часови, ако не и денови ја витка цигарата. Концентриран, внимателно движејќи ги прстите, како да положува дете во креветче го положи тутунот на ризлата. направи мало фишече и го подлизна крајот на ризлата, залепувајќи ги двата краја. Ја стави цигарата во уста и од торбата извади кибрит. Запали шкорче и го принесе кон цигарата. Тутунот пламна кога тој повлече, а димот го исполни, влегувајќи во неговите плуќа, како во душата да му влезе.
Шерифот ги затвори очите. Задоволството што го чуствуваше го расположи, иако сеуште беше малку раздразнет од некултурниот демек-шанкер. Издиша, како да завршил некоја многу важна, многу напорна работа.
Седеше така шерифот, загледан во една точка на ѕидот на салунот. Нешто како да сакаше да излезе од ѕидот, како да било затворено со години, како да е заточеник на атмосферата околу себе, како да е нешто скриено што постои веднаш под површината.
"Братче, овде не се пуши."
Шерифот се разбуди од полусонот и се сврти на столицата. Четири сумњиви фаци му се беа пришуњале од позади.



"Ќе идеш надвор на цигара, како сите други. Овде живееме здрав живот."

"А да си глеаш своја работа?" - праша шерифот. Навистина не беше расположен за препирки.

"Види го, пичка му материна! Мисли дека е овде некој нешо вака. Ај гитла дури не сме натерале со сила здраво да живееш!"

"Не сум насилен тип, и не ми е до расправии. Свртете се, вратете се кај шо си бевте и да прекратиме овде пред да се повредите."

"Ма ќе видиш ти, ненормален. Као каубоец се облекол, бе кој педер!"

Со тие зборови, чаушот на сумњивите фаци се втурна кон шерифот. Овој се тргна, го сопна и добро го поткачи со тупаница во мевот, па го крена и префрли преку шанкот.

Насилникот тресна во полиците наредени со жестоко и се онесвести под поројот на дрво, стакло и пијачка што настана.

Одеднаш, тројцата преостанати рипнаа да го тепаат шерифот. Тој мирно и прибрано се тргна настрана и еден од нив удри со клоца по газот. Насилникот падна и остана да лежи. Другите двајца се свртија и пак се фрлија кон шерифот, но се судрија пред него, па шерифот мирно му мавна бокс на едниот, а другиот го втурна во шанкот, каде овој се превитка. Оној што остана на нозе извади нож и почна да мафта со него, но шерифот се повлече два чекора наназад, зеде стол и добро го тресна по главата. Насилникот падна како покосен, а неговиот соучесник кој беше набиен на шанкот стана и замавна со тупаница кон шерифот. Шерифот му ја пресретна раката, му ја фати во џудо зафат и го префрли преку себе. Насилникот пак стана и рипна по шерифот, но шерифот го сопна и го фати во раце. Го крена над себе, и додека насилникот преташе, го исфрли низ прозорецот каде овој слета баш во една пепељара.

Последниот свесен насилник стана. Кога му се поврати видот, го виде шерифот како мирно стои, а неговите тројца другари како поразени и онесвестени лежат. Насилникот се обиде да се насмее, но во тој момент се помоча.

На лицето на шерифот изгреа благ насмев. Насилникот се расплака и избега од салунот, оставајќи зад себе бледожолта трага.

Шерифот плукна настрана, си ја зеде цигарата од шанкот и си седна на столот каде што седеше.

Повторно почна да зјапа во онаа точка од ѕидот. Но сега, појако беше она чувство дека нешто се обидува да излезе. Што ли би можело тоа да биде? Шерифот штотуку сакаше да стане од столот и да провери, кога ѕидот пукна и се отвори.
Од пукнатината излезе едно белоглаво старче, туркајќи клавир на тркалца. Без многу церемонии, старчето го дотркала клавирчето до аголот на салунот и почна да свири...
Свиреше некоја исконска мелодија, можеби песна за осамениот каубој кој јава низ преријата, можеби песна за забранетата љубов кон една стара проститутка, а можеби тажаленка на некој црнец, осуден да бере памук во туѓо поле, за туѓо добро.
А под звуците на мелодијата, целиот салун како да живна.
Детето кое глумеше шанкер како за миг да порасна. Очите му се продлабочија, станаа помудри, а и понекое бело влакно му ја украси косата. Почна да се смешка, да точи мистериозни пијачки кои ечеја со својата јачина.
Една петорка човечиња во одела ги симнаа своите кравати и сакоа и извадија карти и чипови. Играа покер, трескаа по масата, пиеја, пцуеја, вадеа асови од ракавите и се закануваа еден на друг.
А кутрите девојки во салунот... како лицата да им пукнаа. Всушност, тоа не беа нивните лица, туку цементни маски од шминка. И тие маски пукнаа, а од под нив излегоа прекрасни млади девојки, насмеани и весели. Нивните тесни крпчиња како со магија се претворија во заводливи фустанчиња, а самите девојки почнаа да играат и да се смеат со поднапиените муштерии.
И полека, се вратија и пушачите. Салунот се задими, прст пред око не се гледаше.
На шанкот седеше шерифот, пушеше цигара, пиеше вистинско виски и се смешкаше, гледајќи го своето добро дело.
Знаеше дека ова е само првата победа која мора да ја извојува над кичот и глупердлукот, и знаеше дека другите битки ќе бидат уште потешки и поопасни.
Но, во исто време знаеше дека неговата победа е неизбежна. Најпосле, тој е шерифот, тој се бори на страната на доброто.
Така да, пази се Скопје. Има нов шериф у град.

NIXTER

03.10. - Кинотека на Македонија

Мултимедиска инсталација: 7k: newlifeform (SLO)

NOITU | Raw Geometry (MK)

04.10. - МНТ - Театар центар

Novi_sad + Ryoichi Kurokawa | Sirens (GR/JAP)

Mnemonic45 (MK)

05.10. - Клуб Хавана (Дом на градежници)

Kassem Mosse LIVE (GER)

Herzel & Genoveva LIVE (MK)

DJ Bleed (GER)

Визуелизации: Telematique+u-matic (GER)

06.10. - Клуб Хавана (Дом на градежници)

Anstam LIVE (GER)

01Plant LIVE (MK)

Martchin (MK)

Hade (MK)

Визуелизации: Telematique+u-matic (GER)

# de:sonanz

ФЕСТИВАЛ ЗА ЕЛЕКТРОНСКА МУЗИКА И МЕДИУМСКА УМЕТНОСТ

03. - 06.10.2012

Македонски Народен Театар

Кинотека на Македонија

plagijat

desonanz.org.mk

по четврти пат годинава

# de:sonanz со најновите трендови на електронската уметност

Од 3. до 6. октомври годинава ќе се одржи четвртото издание на фестивалот de:sonanz. Како и секоја година, фестивалот обединува различни форми на електронска уметност вклучувајќи диџеј сетови, аудио-визуелни перформанси, мултимедијални инсталации и предавања. Најновите трендови на ова издание ќе ги презентираат редица автори од Македонија, Словенија, Грција, Јапонија и Германија.

Уникатен техно-екосистем или попрецизно свет населен со растителни и микроскопски организми ќе открие интерактивната инсталација „7k:newlifeform", која ќе го означи почетокот на фестивалот. Аудио-визуелната авантура продолжува со артистите Нови_Сад и Ријоичи Курокава чиј перформанс се движи спротивно на економските колапси. Колку повеќе се продлабочуваат економските кризи, толку побогат и поинтензивен станува музичкиот и визуелниот израз. „Sirens" уметнички ја рефлектира потрагата по решение на актуелните светски енергетски и економски проблеми.

Освен тоа, публиката ќе може да ужива во уникатниот ритам на Касем Мосе кој обединува разни електронски стилови, како и во мрачниот и повеќеслоен електронски звук на Анстам.

Оваа година ќе се претстават и Херцел и Геновева, кои со својот квалитет веќе се етаблирани на меѓународната електронска сцена со бројни изданија за светски познати етикети, 01Плант локална реакција на случувањата на светската психоделична/нојз сцена,

експерименталните аудио-визуелни настапи на Мнемоник45 и НОИТУ, како и диџеј сетовите на Хаде, Мартчин и DJ Bleed. За визуелниот израз на настапите ќе се погрижи реномираното виџејско дуо од Германија Telematique&u-matic.

Фестивалот се одржува на три локации во Скопје, Хавана, Театар Центар и Кинотека на Македонија.

**МУЛТИМЕДИА ЦЕНТАР** Гевгелија

АХРОМАТСКОТО НАСПРОТИ КОЛОРИТНОСТА

(ACHROMATIC VS COLOURED)

# ОТВОРАЊЕ НА МУЛТИМЕДИЈАЛНА ИЗЛОЖБА НАРОДЕН ТЕАТАР - ГЕВГЕЛИЈА

**28 септември / петок / 2012 / 20:30 часот**

ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

Apollonia Foundation

Хаику 05




Ноќта танцува.
Јас и ти го учиме
првиот чекор.

Јован Узунов

I tell you, we are here on Earth to fart around,
and don't let anybody tell you different.

Kurt Vonnegut



АРТ ЕКВИЛИБРИУМ

© 2012

arteq09@gmail.com